**20131403380**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 66 став (5) и член 66а став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 27.9. 2013 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПРЕНОС НА СРЕДСТВАТА ВО ФОНДОТ НА ПИОМ

## I .Општа одредба

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) начинот и постапката за пренос на средствата во случај кога член ќе стекне право на инвалидска пензија, во случај на смрт на член чии членови на семејството имаат право на семејна пензија и во случај кога починатиот член нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија и,

б) начинот и постапката за пренос на средствата на член кој го отповикал утврдениот статус врз основа на член 118 став (2) од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

## II. Начин и постапка за пренос на средствата во случај кога член стекнува право на инвалидска пензија и во случај на смрт на член чии членови на семејството имаат право на семејна пензија

Член 2

(1) Друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во понатамошниот текст: друштвото), веднаш по приемот на известувањето од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ) дека член на задолжителниот пензиски фонд со кој управува остварил право на инвалидска пензија или починал, а членовите на неговото семејство имаат право на семејна пензија, проверува дали личните податоци на членот наведени во известувањето се усогласени со податоците од евиденцијата на индивидуалните сметки на членовите на задолжителниот пензиски фонд која ја води друштвото (во натамошниот текст: евиденција).

(2) Доколку податоците од известувањето од став (1) на овој член не се усогласени со податоците од евиденцијата, друштвото веднаш за тоа го известува Фондот на ПИОМ.

(3) Фондот на ПИОМ доставува известување корегирано во согласност со евиденцијата најдоцна во рок од една недела по добивање на известувањето од став (2) на овој член.

Член 3

(1) По добивање на точното известување од член 2 на овој правилник, друштвото, следниот работен ден по добивањето на известувањето, му доставува на Фондот на ПИОМ податоци за вкупната вредност на средствата на индивидуалната сметка и за личните податоци за членот на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Вредноста на средствата на индивидуалната сметка на членот од став (1) на овој член се пресметува според вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка кој претходи на датумот на праќање на податоците до Фондот на ПИОМ.

Член 4

(1) На првиот нареден датум на пренос што следи по датумот на прием на точното известување од член 2 на овој правилник, друштвото дава налог на чуварот на имот за пренос на вкупната вредност на средствата на индивидуалната сметка на членот, пресметана согласно член 3 став (2) од овој правилник.

(2) Чуварот на имот врши пренос на средствата од сметката на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ по добивање на налогот од друштвото и известувањето од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) за износот на средствата кои треба да се пренесат.

(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по извршувањето на преносот на средствата во Фондот на ПИОМ.

## III. Начин и постапка за пренос на средствата во случај на смрт на член кој нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија

Член 5

Во случај на смрт на член на задолжителен пензиски фонд, кој нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, средствата од неговата индивидуална сметка стануваат дел од оставинската маса на оставителот и се исплаќаат на лицето прогласено за негов наследник согласно закон.

Член 6

(1) Доколку врз основа на решение од надлежен орган лице прогласено за наследник на член на задолжителниот пензиски фонд (во натамошниот текст: наследник) има право на наследство на сите средства на индивидуалната сметка на починатиот член, на наследникот му се исплаќа вкупниот износ на средствата на индивидуалната сметка.

(2) Доколку наследникот има право на наследство само на дел од средствата на индивидуалната сметка на починатиот член, на наследникот му се исплаќа само соодветниот дел од средствата на индивидуалната сметка, пресметан од вкупниот број сметководствени единици на сметката на починатиот член на задолжителниот пензиски фонд.

Член 7

(1) Заради исплата односно пренос на средствата, наследникот му доставува на друштвото барање за исплата на средства, информации за трансакциската сметка на која наследникот сака да се префрлат средствата, решение од надлежен орган со кое е прогласен за наследник и документ за лична идентификација.

(2) Друштвото доставува до Агенцијата барање за одобрување на исплата на средства на наследник и решение од надлежен орган со кое е прогласен наследник.

Член 8

(1) По добивање на барањето од член 7 став (2) од овој правилник, Агенцијата доставува барање до Фондот на ПИОМ заради проверка дали починатиот член има членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Фондот на ПИОМ доставува известување до Агенцијата, во рок од три работни дена од приемот на барањето од став (1) на овој член, дали починатиот член има членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(3) Агенцијата до чуварот на имот доставува известување за износот на средствата кои треба да се исплатат, односно пренесат од задолжителниот пензиски фонд, доколку Фондот на ПИОМ известил дека починатиот член нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Истовремено со известувањето Агенцијата доставува одобрување до друштвото кое го доставило барањето за исплата на наследникот.

Член 9

(1) Друштвото доставува налог за исплата на средствата до чуварот на имот кој содржи податоци за наследникот, износот кој треба да се исплати во денари и податоци за трансакционата сметка на која треба да се префрлат средствата.

(2) По дадениот налог од страна на друштвото и известувањето од Агенцијата за износот на средствата што треба да се пренесат, чуварот на имот на наредниот датум на пренос врши исплата односно пренос на средства од сметката на задолжителниот пензиски фонд на трансакционата сметка на наследникот, наведена во налогот од друштвото.

(3) Износот на исплатата на средствата се пресметува врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка што претходи на датумот на известувањето на Агенцијата од член 8 став (3) од овој правилник.

(4) Друштвото ја известува Агенцијата за секоја извршена исплата односно пренос на средства на трансакционата сметка на наследник.

Член 10

По преносот на вкупниот износ на средствата од индивидуалната сметка на починатиот член на задолжителниот пензиски фонд на банкарската сметка на наследник, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на починатиот член и го известува наследникот.

## IV.Начин и постапка за пренос на средствата на член кој го отповикал утврдениот статус

Член 11

Уплатените придонеси за член на задолжителен пензиски фонд кој го отповикал утврдениот статус врз основа на член 118 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување друштвото ги пренесува во Фондот на ПИОМ по бришењето на членот во Регистарот на членовите на задолжителниот пензиски фонд од страна на Агенцијата, врз основа на Решение за поништување на регистрацијата.

Член 12

(1) По бришењето од Регистарот на членови од член 11 на овој правилник, Агенцијата до друштвото доставува податоци за сите членови во задолжителниот пензиски фонд кои го отповикале утврдениот статус врз основа на член 118 став (2) од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Врз основа на податоците од став (1) на овој член друштвото изготвува листа на индивидуални сметки што треба да бидат пренесени со податоците поврзани со нив, бројот на сметководствени единици на секоја индивидуална сметка, податоците за вредноста на средствата на секоја индивидуална сметка и податоците за вкупната вредност на сите индивидуални сметки во денари.

(3) Вредноста на средствата на секоја индивидуална сметка се пресметува и претвора во денари врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка што претходи на датумот на доставување на листата од став (2) на овој член до Фондот на ПИОМ.

(4) Друштвото ја доставува листата од став (2) на овој член најдоцна до 15:00 часот на датумот што претходи на датумот на пренос до Фондот на ПИОМ.

(5) Друштвото, по проверката на податоците од листата од став (2) на овој член, ги известува Агенцијата и чуварот на имот за вкупната вредност на средствата на сите индивидуални сметки од листата од став (2) на овој член, на датумот што претходи на датумот на пренос до Фондот на ПИОМ.

Член 13

(1) На првиот нареден датум на пренос што следи по датумот на прием на листата од член 12 став (2) од овој правилник, друштвото дава налог на чуварот на имот за пренос на вкупната вредност на сите индивидуални сметки на членовите од листата во Фондот на ПИОМ.

(2) Чуварот на имот врши пренос на средствата од сметката на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ по добивање на налогот од друштвото.

(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по извршувањето на преносот на средствата во Фондот на ПИОМ.

Член 14

(1) Друштвото ја пресметува разликата помеѓу износот на уплатените придонеси од член 11 на овој правилники вредноста пресметана согласно член 12 став (3) од овој правилник.

(2) Доколку разликата од став (1) на овој член е негативна друштвото ја плаќа на Фондот на ПИОМ, од сопствените средства, на датумот на пренос од член 13 став (1) на овој правилник.

(3) Доколку разликата од став (1) на овој член е позитивна чуварот на имот, по налог на друштвото, ја пренесува на сметка на друштвото кое управува со пензискиот фонд во износ до 10.000 денари и средствата се евидентираат како вонредни приходи на пензиското друштво, на датумот на пренос од член 13 став (1) на овој правилник. Преостанатиот износ над 10.000 денари чуварот на имот, по налог на друштвото, го пренесува на сметката на пензискиот фонд со кој управува тоа друштво и средствата се евидентираат како вонредни приходи на пензискиот фонд, на датумот на пренос од член 13 став (1) на овој правилник.

Член 15

Преносот на средства од задолжителниот пензиски фонд во Фондот на ПИОМ се врши секој 15-ти ден во месецот или наредниот работен ден доколку 15-тиот ден во месецот е неработен ден.

Член 16

Сите информации што се однесуваат на средствата од индивидуалната сметка на задолжителниот пензиски фонд, друштвото и Фондот на ПИОМ ги разменуваат и доставуваат до Агенцијата преку информацискиот систем на Агенцијата во вид и форма

определени во стручно-техничкото упатство што Агенцијата го изработува согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во случај на виша сила или на други оправдани технички причини, друштвото ги доставува информациите до Агенцијата на надворешен медиум.

Член 17

Овој правилник се применува и во случај на времено распределен осигуреник кој има индивидуална потсметка во задолжителен пензиски фонд и кој остварил право на инвалидска пензија или починал, а членовите на неговото семејство имаат право на семејна пензија, во случај на времено распределен осигуреник кој има индивидуална потсметка во задолжителен пензиски фонд кој починал и нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија или во случај на времено распределен осигуреник кој го отповикал утврдениот статус врз основа на член 118 став (2) од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

## V. Преодни и завршни одредби

Член 18

(1) Одредбите од членовите 13 став (2) и 14 на овој правилник ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година.

(2) Сметано до 31.12.2013 година за преносот на средствата, од индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ, од член 1 став (1) точка б) на овој правилник, ќе се применуваат ставовите (3) ,(4), (5), (6) и (7) на овој член.

(3) Агенцијата ги известува друштвото и чуварот на имот за вкупната вредност на средствата на сите индивидуални сметки од листата од член 12 став (2) на овој правилник, по предходна проверка, на датумот што претходи на датумот на пренос до Фондот на ПИОМ.

(4) Чуварот на имот врши пренос на средствата од сметката на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ по добивање налогот од друштвото и известување од Агенцијата за износот на средствата кои треба да се пренесат.

(5) Агенцијата ја пресметува разликата помеѓу износот на уплатените придонеси од член 11 на овој правилник и вредноста пресметана согласно член 12 став (3) на овој правилник и го известува друштвото, на датумот што претходи на датумот на пренос во Фондот на ПИОМ.

(6) Доколку разликата од став (5) на овој член е негативна друштвото ја плаќа на Фондот на ПИОМ, од сопствените средства, на датумот на пренос од член 13 став (1) на овој правилник.

(7) Доколку разликата од став (5) на овој член е позитивна чуварот на имот, по налог на друштвото, ја пренесува на сметка на друштвото кое управува со пензискиот фонд и средствата се евидентираат како вонредни приходи на пензиското друштво, на датумот на пренос од член 13 став (1) од овој правилник. Пензиското друштво задржува износ до 10.000 денари како вонредни приходи на друштвото, а преостанатиот износ над 10.000 денари го уплаќа на сметката на пензискиот фонд со кој управува тоа друштво и средствата се евидентираат како вонредни приходи на пензискиот фонд, на датумот на пренос од член 13 став (1) на овој правилник.

Член 19

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во случај на инвалидност или смрт на член и времено распределен осигуреник во задолжителен пензиски фонд и пренос на средтсвата на член и времено распределен осигуреник кој го отповикал утврдениот статус, објавен во Службен весник на Република Македонија број 138/2008, 96/2010 и 140/2012.

Член 20

Овој правилник влегува во сила на наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01 - 1290/5
7 октомври 2013 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.